Автосообраќаен училишен центар - Qendra shkollore e autotrafikut
"Боро Петрушевски" на град Скопје - "Boro Petrushevski" e qytetit të Shkupit
Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Бр.Nr. 02-684/1
05.05 2026 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# Записник од седницата на Ученичкиот совет

Датум: 5.5.2026 г.

Време: 11.00 ч.

Место: Кабинет по јазик

Дневен ред

1. Усвојување на записникот од седницата одржана на 28.4.2026 г.;
2. Видови конфликти и нивно ефикасно разрешување преку соодветна комуникација;
3. Извештај за реализираните активности на Ученичкиот совет.

Седницата ја водеше претседателот на Ученички совет Кристина Крајчева во присуство на дваесет и двајца претседатели на класовите и назначените членови од редот стручната служба и наставниците, Елена Петровска, Мимоза Гичевска и Халиме Демир-Хоруни. По усвојувањето на дневниот ред едногласно беше усвоен и записникот од претходната седница одржана на 28.4.2026 година.

Во рамки на втората точка од дневниот ред беше реализирана работилница од страна на психологот на тема *Видови конфликти и нивно ефикасно разрешување преку соодветна комуникација*. Во текот на работилницата, учениците се запознаа со поимот *конфликт,* видовите конфликти што најчесто се појавуваат во секојдневниот живот и во училиштето, како и причините за нивното настанување. Се разговараше за недоразбирањата, навредите, различните мислења и несоодветна комуникација како чести причини за појава на конфликти помеѓу учениците. Преку дискусија и примери, учениците научија како конфликтите можат да се решаваат на мирен и ефикасен начин со употреба на соодветна комуникација, почитување на соговорникот, активно слушање и меѓусебно разбирање. Беше истакната важноста од контролирањето на емоциите, избегнувањето навреди и насилното однесување, како и потребата од соработка и толеранција во секојдневната комуникација .

Учениците активно учествуваа во работилницата, изнесуваа свои мислења, искуства и примери од секојдневниот живот, со што придонесоа за успешно реализирање на активноста.

По третата точка од дневниот ред беше разгледан извештајот за реализираните активности на Ученичкиот совет. Присутните членови дискутираа за реализираните активности и едногласно го усвоија извештајот.

Претседател на Ученичкиот совет:

Кристина Крајчева

______________________

Секретар на Ученичкиот совет:

Анѓела Филиповиќ

______________________